ОПШТИНА ЦЕНТАР

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ



# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА ЦЕНТАР



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски

Почитувани сограѓани на
Општина Центар,

Нашата Општина претставува срцето на Скопје – место каде се испреплетуваат историјата, културата и современиот живот. За жал, денес Центар се соочува со сериозни предизвици како што се: **непландски урбанизам,** загадена животна средина, сообраќаен хаос, недостиг од зеленило, како и **чувство на запоставеност од страна на локалните власти.**

Жителите се разочарани од неисполнетите ветувања и токму затоа е потребна вистинска промена што ќе донесе ред, **јасна визија и целосна реализација на планираното.** ВМРО-ДПМНЕ може **да го реализира тоа што ќе го понуди.** Само ВМРО-ДПМНЕ има објективна визија, конечно Центар и центарци да живеат во модерна, зелена и безбедна општина, која ќе биде пример за целиот главен град и пошироко.

Ние од ВМРО-ДПМНЕ имаме јасна цел: да создадеме средина во која секој граѓанин ќе се чувствува безбеден, ќе живее достоинствено, ќе дише чист воздух, ќе има функционален сообраќај, квалитетни образовни и спортски институции, богата култура и транспарентност во работењето. Оваа изборна програма не е само список на ветувања – таа е план за акција, детално разработен и реално остварлив. Во неа се вградени нашите заложби кон сите граѓани: од младите кои ја бараат својата перспектива, до пензионерите кои заслужуваат мирна и безбедна старост.

ВМРО-ДПМНЕ нуди решенија кои ќе го вратат достоинството на Центар, ќе го обноват јавниот простор и ќе изградат Општина која работи за луѓето, а не за интереси на поединци. Центар мора да престане да биде полигон за експерименти и личен профит. Наша цел е враќање на јавниот интерес, во прв план – преку враќање на зеленилото во секое маало, обезбедување нови паркинг-решенија и подобрен сообраќај, поддршка за младите семејства и бизниси, како и поголема грижа за ранливите категории.

Само со силно и одговорно раководство можеме да ја надминеме сегашната стагнација и да изградиме општина која ќе биде гордост на Скопје. Визија имаме, цел имаме и она што е особено важно ние имаме силна енергија и капацитет ветеното да го реализираме. Затоа, заедно со вас, со вашата дадена доверба и поддршка, ВМРО-ДПМНЕ е подготвена да ја претвори Општина Центар во достоинствено место за живот, работа и визија за подобра иднина.

Почитувани пријатели,
драги сограѓани,

Со голема чест и одговорност ја прифаќам довербата да бидам носител на советничката листа на ВМРО-ДПМНЕ во Општина Центар. Ова е признание, но и обврска за посветена работа во интерес на сите граѓани.

Заедно ќе се залагаме за почист и позелен Центар, градење на здрава младина преку спортот и поттикнување победнички дух и вредности кај младите, како и за модернизација и дигитализација на Општината.

Нашата програма е јасен пат за излез од хаосот и стагнацијата. Ќе изградиме катни гаражи и ќе го решиме сообраќајниот метеж, а со нашите социјални политики ќе обезбедиме грижа за пензионерите и поддршка за секој што има потреба.

Ветувам транспарентност, развој и искрена борба за подобро секојдневие во нашата Општина. Затоа, ве повикувам да ни се придружите и заедно да го вратиме сјајот на срцето на нашиот град.

Пред вас е **листата на советници за Општина Центар**, избрани да ве претставуваат во Советот на Општината. Оваа листа не е само збир на имиња, туку истата претставува директна врска помеѓу вас и локалната власт. Овие луѓе, кои ги претставуваат различните политички визии и интереси во нашата Општина, ќе имаат задача да ги донесуваат клучните одлуки за нашите улици, паркови, училишта и развојот на заедницата.

Вашиот глас е силата што ги движи промените и изборот на вистински претставници е првиот чекор кон подобар живот во Центар. Изберете мудро, зашто нивните одлуки ќе ја обликуваат нашата заедничка иднина. Центар заслужува повеќе, најдоброто допрва доаѓа!

Со почит,
Горан Андреевски
Носител на советничката листа од
ВМРО-ДПМНЕ за општина Центар

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Горан Андреевски - Носител на листа
2. Катерина Костадинов
3. Виолета Велковска
4. Дијана Ристовска – Додевски
5. Горан Николов
6. Марина Попоска Вишинска
7. Цуте Крајчески
8. Ирина Тодевска
9. Игор Исаиловски
10. Весна Кусакатска
11. Лазар Банов
12. Ленче Манева
13. Иван Андреевски
14. Александар Кочев
15. Слаѓана Пајмакоска
16. Весна Оцев
17. Марјан Кимовски
18. Мартина Илиќ
19. Дончо Наумовски
20. Мери Лазарова Манчевска
21. Јулијана Пецалевска
22. Антоанета Трајковска
23. Никола Тодоровски



# КЛУЧНИ ПРОЕКТИ ЗА ОПШТИНА ЦЕНТАР

Ви нудиме пет клучни проекти кои се од исклучително значење за граѓаните на Општина Центар. Овие проекти се фокусираат на најважните потреби на локалната заедница – од чиста и здрава животна средина, преку функционален сообраќај и безбедност, до квалитетно образование, култура и транспарентна локална администрација. Со нивната реализација, сакаме да обезбедиме мерливи и остварливи постигнувања, кои видливо ќе го подобрат секојдневниот живот, ќе го зајакнат чувството кон заедницата и ќе ја развиваат Општина Центар која ќе работи со и за граѓаните.

1. **Изградба на катна гаража кај ТЦ Буњаковец и развој на дополнителни катни и монтажни гаражи.**

- Решавање на хроничниот проблем со паркирањето и сообраќајниот метеж.
- Обезбедување зелени кровни површини и полначи за електрични возила, овозможувајќи модерна инфраструктура и еко-поддршка.
- Изградба на монтажен паркинг во Капиштец, со цел да се олесни паркирањето за граѓаните во овој густо населен дел.

2. **Дневни центри и инклузивни клубови за деца со попречености.**

- Поддршка на ранливите категории граѓани и нивните семејства.
- Стручна грижа, воспитно-образовни и други рехабилитациски активности за деца со различна попреченост (Аутистичен спектар, Даунов синдром, Церебрална парализа и други попречености), со интенција за нивна општествена инклузија.

3. **Локална програма за ментално здравје и поддршка на семејства.**

- Советувалишта, младински центри и клубови за пензионери.
- 24/7 телефонска и онлајн-линија за поддршка и мобилна апликација за брза, дискретна и сигурна помош.

4. **Зелени оази, мини-паркови и модернизација на јавните површини.**

- Пренамена на слободни површини во зелени катчиња, со детски и спортски игралишта.
- Садење дрвја, вертикални градини и зелени фасади, за естетско уредување на просторот, подобрување на квалитетот на воздухот и почиста еколошка средина.

5. **Дигитализација и транспарентност на општинската администрација.**

- Мобилна апликација „Моја општина“ за пријавување проблеми и следење на нивниот статус.
- Платформа „Отворен Буџет“ и онлајн мапи за урбанистички проекти, обезбедувајќи отчетност и непосредно учество на граѓаните во креирање на изгледот и функционалноста на Општината.

# НАШАТА ВИЗИЈА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТ

Почитувани сограѓани,

Општина Центар, како најфреквентно јадро на главниот град, се соочува со низа предизвици кои бараат сеопфатен и иновативен пристап. Нашата визија е да го развиваме Центар во модерна, зелена и одговорна општина, каде квалитетот на живот е приоритет, а секој граѓанин ќе се чувствува безбедно и згрижено. Оваа програма е резултат на длабинска анализа и посветена работа, која ги интегрира најдобрите идеи од двете водечки политички визии за Општината, со фокус на одржлив развој, дигитална трансформација и зајакнување на заедницата. Таа не е само листа на ветувања, туку конкретен и мерлив план за акција, дизајниран да ги реши најгорливите проблеми и да постави цврсти темели за иднината. Преку реализацијата на овие проекти, имаме за цел да изградиме ефикасна и транспарентна Општина, која работи со и за своите граѓани.

Нашите главни цели се:

- Здрава животна средина и одговорен урбан развој.
- Функционален сообраќај и модерна инфраструктура.
- Безбедна и социјално одговорна заедница.
- Инвестиција во образованието и спортот.
- Богат културен живот и развој на локалниот туризам.
- Транспарентна, отчетна и ефикасна Општина.



# 1. ЖИВОТНА СРЕДИНА И УРБАН РАЗВОЈ

Ниту една општина не може да напредува доколку граѓаните дишат загаден воздух, ако секој квадрат зеленило е заменет со бетон и ако урбанизмот е заложник на лични интереси. Центар е општина со најголема густина на градба во државата, а истовремено со најмалку слободен простор за рекреација и одмор. Ова не е случајност, туку последица на години несовесно управување, неконтролираната градба, недостатокот на зелени површини и загадениот воздух кои директно влијаат на квалитетот на живот на граѓаните.

Нашата програма е посветена на радикална промена на оваа состојба. Нашата визија е сосема поинаква. ВМРО-ДПМНЕ ќе го врати балансот меѓу модерниот развој и здравата животна средина. Ќе изградиме Центар кој дише – Општина со повеќе дрвја, повеќе паркови и повеќе места за семејно дружење. Зеленилото нема да биде луксуз, туку основа на секој урбанистички план. Со овој пристап, ќе создадеме една поинаква Општина која нуди здрава животна средина за сите.

## 1.1. ЧИСТ ВОЗДУХ И ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

- Студија за причинителите на загадувањето и тригодишен акционен план за подобрување на амбиенталниот воздух, во соработка со граѓаните, бизнис-заедницата и НВО.
- Субвенции за енергетско-ефикасни фасади (50 % од трошоците), чистење на оџаци и премин од греење на дрва кон почисти енергенси (гас, пелети, инвертер-клими).
- Модернизација на јавната расвета со енергетски ефикасни светилки.
- Воведување на мониторинг станици за квалитет на воздухот низ Општината со онлајн пристап за граѓаните.
- Субвенции за поставување на соларни панели на јавни и приватни објекти за намалување на емисијата на штетни гасови.

## 1.2. ПАМЕТНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

- Постепена замена на надземните контејнери со подземни, опремени со камери.
- Контејнери „Хумано“ за донирање облека.
- Воведување на мобилна апликација „Зелен Центар“ за пријавување на неправилности со отпад, собирање пластика и едукација на граѓаните.
- Поддршка и субвенции за домаќинства, кои примарно селектираат отпад и користат компостери.

### 1.3. ЗЕЛЕНИ ОАЗИ И УРБАН РАЗВОЈ

- Претворање на бетонските површини на Градскиот ѕид во „зелени оази“, со детски и спортски игралишта.
- Садење дрвја речиси на секоја улица, каде има и најмала можност и реконструкција на зелените површини и блоковското зеленило.
- Креирање мини-паркови во густо населените квартови, каде нема јавни зелени површини.
- Воведување на вертикални градини и зелени фасади на јавни и деловни објекти.
- Организирање на еко-дневи со учество на граѓаните за засадување дрвја и чистење на јавни површини.

### 1.4. ЗАШТИТА НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР И ДОМУВАЊЕТО

- Политики за социјално домување, регистар и ограничување на краткорочни изнајмувања (Airbnb), преку локален правилник и лиценцирање.
- Општинска станбена банка за распределба на станови за млади семејства, самохрани родители и подстанари со ниски примања.
- Фонд за домување со буџет за субвенции за најмногу 20 семејства во социјален ризик, годишно.
- Поддршка на реконструкција и адаптација на стари згради, со цел зголемување на енергетската ефикасност и пристапност.
- Воведување на програма „Безбеден кварт“, со редовни инспекции и мерки за заштита на јавните простори од дивоградби и неправилно користење.

### 1.5. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНСПЕКЦИЈАТА И ЈАВНИТЕ УСЛУГИ

- Зајакнување на капацитетите на општинскиот инспекторат за животна средина.
- Воведување на мобилни еко-инспектори, кои ќе вршат теренска контрола на загадувачи и проблематични локации.
- Поставување автоматизирани јавни тоалети, за подобрување на јавната хигиена.
- Поставување дополнителни јавни тоалети на сите поголеми локации каде сѐ уште недостасуваат, со цел поголема пристапност и хигиена за граѓаните и туристите.
- Поставување на систем за пријавување прекршувања на урбанистичките правила и јавните простори преку онлајн платформа.

Ова не се само идеи, туку мерливи и остварливи политики кои ќе ја вратат нашата Општина на вистинскиот пат. Урбаниот развој мора да биде со улици каде ќе можеме безбедно да се движиме, со зелени дворови наместо нови згради без план и со јавни простори кои припаѓаат на сите, а не на привилегираните. Жителите на Центар заслужуваат да живеат во средина која инспирира, а не во бетонско сивило. Победата на ВМРО-ДПМНЕ во Центар значи почеток на нова ренесанса, време на одговорено градење, чист воздух и збогатено секојдневие со нови содржини. Тоа е визијата што ќе ја оствариме заедно.



# 2. СООБРАЌАЈ И ИНФРАСТРУКТУРА

Сообраќајот и паркирањето се најголемите предизвици со кои се соочува Општина Центар. Нашата визија е Општина Центар да стане пример за безбеден, функционален и модерен сообраќаен систем, каде пешаците и велосипедистите се на прво место, а проблемите со паркирање и инфраструктура конечно ќе бидат решени. Центар со години се движи во сообраќаен метеж, недостаток на паркинзи, небезбедни улици и запуштена инфраструктура.

ВМРО-ДПМНЕ нуди јасен план за ефикасни решенија, кои ќе донесат ред и ќе овозможат современ, достапен и безбеден сообраќај за сите жители. Тоа ќе го направиме преку инвестиции во големи инфраструктурни проекти и промоција на алтернативни начини на транспорт, ќе ја трансформираме Општината во простор кој е пријатен, функционален и безбеден за сите учесници во сообраќајот.

## 2.1. ПАРКИРАЊЕ И РЕЗИДЕНТНИ ПАРКИНЗИ

- Изградба на дополнителни паркинг-зони за жителите на Центар, со повластени цени за трајно решавање на хроничниот проблем со паркирањето.
- Воведување на дигитален систем за резервација на паркинг-места и мобилна апликација за резидентите, за лесен пристап и следење на слободни места.
- Модернизација на постојните паркинзи со електрични полначи за возила и оптимизација на сообраќајните протоколи за полесен пристап.
- Изградба на монтажен паркинг во Капиштец, за да им овозможиме брзо и ефтино решение на проблемот со паркирањето во еден од најгусто населените делови на Општината.

## 2.2. БЕЗБЕДНОСТ И УДОБНОСТ ЗА ПЕШАЦИ И ВЕЛОСИПЕДИСТИ

- Проширување на „Зона 30" на сите мали улици за поголема безбедност и поудобно движење на пешаци, велосипедисти и лица со попреченост.
- Изградба на поврзана и унапредена велосипедска инфраструктура, со нови паркинг-места за велосипеди и систем PARK & RIDE (паркирај се).
- Воведување на велосипедски и пешачки „коридори" со зелени површини и сенки за повеќе удобност и безбедност.
- Ден без автомобили, еднаш месечно, во делови од Дебар Маало и на клучни булевари.

## 2.3. ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ И МОДЕРНИЗАЦИЈА

- Реконструкција на канализациски системи и улици каде е најпотребно, за подобра функционалност и квалитетно секојдневие.

- Обнова на централната пешачка зона на ул. Македонија, за да стане современо урбано средиште.
- Ревизија и реконструкција на критични сообраќајни точки, со цел зголемување на безбедноста и проточноста на сообраќајот.

## 2.4. ПРИСТАПНОСТ И ПОДДРШКА ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

- Ревизија на пристапноста за јавни објекти и улици.
- Подвижни рампи и пристапни тротоари во сите маала.
- Специјализиран бесплатен транспорт, достапен на повик за лицата со попреченост.
- Поставување тактилни патеки за лица со оштетен вид, пред секој влез на органите на државна управа, други институции, единиците на локалната самоуправа, пред секоја автобуска станица и бележење на безбедносни зони на булеварите, со цел олеснување на пристапот на слепите лица до институциите.

## 2.5. ГОЛЕМИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ И КАТНИ ГАРАЖИ

- Изградба на катна гаража кај ТЦ Буњаковец, за трајно решение на сообраќајниот метеж и недостатокот од паркинг-места.
- Развој на дополнителни катни гаражи во делови каде недостигот на паркинг-места е критичен, со зелени кровни површини и електрични полначи.
- Интегрирана сообраќајна платформа за Центар која ќе ги поврзува катните гаражи, јавниот транспорт и велосипедските патеки, овозможувајќи едноставно планирање на патувањето за жителите.

## 2.6. СООБРАЌАЕН МЕНАЏМЕНТ И ЕКО-ПОДДРШКА

- Воведување паметни семафори и системи за следење на протокот на сообраќајот, со цел намалување на метежот и емисијата на штетни гасови.
- Програми за поддршка на електрични и хибридни возила, вклучувајќи субвенционирани паркинг-места и полначи на јавни локации.
- Едукативни кампањи за граѓаните за безбедност во сообраќајот, одржливи превозни средства и користење на алтернативен транспорт.



# 3. БЕЗБЕДНОСТ И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Вистинската сила на една општина не се мери по бројот на новоизградени објекти, туку по тоа колку се грижи за своите жители, за најранливите групи граѓани, односно колку им помага на оние на кои поддршката им е најпотребна и колку создава чувство на безбедност и сигурност за сите жители. Денес, граѓаните на Центар се соочуваат со различни предизвици: недоволна социјална грижа, небезбедни маала, недостаток на систем кој обезбедува достоинствено стареење и недоволна поддршка за младите семејства и ранливите категории. Дополнително се зголемуваат проблемите со менталното здравје, а институциите често остануваат недостапни и затворени.

Нашата визија е јасна, Центар мора да биде општина што штити, се грижи и поддржува. Секое дете заслужува топол и безбеден развој, секој млад човек заслужува шанса, секој пензионер достоинствена старост, а секое семејство сигурност и поддршка. Со овие политики, Центар ќе стане општина за пример, која е вистински дом за своите жители.

## ➤ Клучни мерки и иницијативи:

### 3.1. ГРИЖА ЗА НАЈМЛАДИТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТИ

- Дополнителни човечки капацитети за дневен престој за деца со различна попреченост (Аутистичен спектар, Даунов синдром, Церебрална парализа и други попречености), со стручни тимови од педагози, специјални едукатори и рехабилитатори, педијатри, негуватели и др.
- Отворање на „Инклузивни клубови“ во кои деца со попреченост ќе можат да учествуваат во спортски, креативни и образовни активности, заедно со своите врсници.

### 3.2. ГРИЖА ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

- Систем за помош и нега на стари лица во нивните домови, со стручни тимови, вклучително и студенти.
- Нови клубови за пензионери, за активен социјален живот.
- Воведување програма „Активно стареење“ со спортски, културни и образовни активности, прилагодени за возрасни лица.
- Воведување директни субвенции за пензионерите кои живеат на територијата на Општина Центар, со цел подобрување на нивниот животен стандард и олеснување на трошоците за тековни потреби.
- Изградба на современ Дом за стари лица, кој ќе обезбеди квалитетна нега, медицинска и социјална поддршка за постарите сограѓани.

### 3.3. ВРАБОТУВАЊЕ И СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА

- Субвенционирање на работни места во соработка со АВРМ, особено за лица со попреченост и невработените млади.
- Хуманитарен фонд за лекување со годишен буџет од 10 милиони денари и посебен фонд за поддршка на брачни парови за ИВФ обиди.
- Воведување програма за „Младинско социјално вработување" за студенти и млади лица, со цел стекнување работно искуство и поддршка на ранливи категории.
- (Дополно/поврзано со младите политики:) Субвенции за младите жители на Центар за полагање возачка дозвола, со цел подобрување на мобилноста и зголемување на можностите за вработување.

### 3.4. БЕЗБЕДНОСТ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР

- Воведување на „Општински редар" во секое маало како сервис за жителите, со координација со МВР, за посериозни прекршоци.
- Инсталирање на систем за „Соседски мониторинг" – платформа, каде што граѓаните ќе можат да пријавуваат проблеми во маалото и да добиваат повратна информација од Општината.
- Унапредување на јавното осветлување и видео-надзор во критичните делови на Општината, за зголемување на безбедноста.

### 3.5. МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ, ПОДДРШКА ЗА РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ И СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА

- Локална програма за ментално здравје со советувалишта, младинските центри и клубовите за пензионери, како и 24/7 телефонска и онлајн линија за поддршка.
- Воведување програма „Психолошка поддршка за семејства" со бесплатни сесии и работилници за родители, деца и тинејџери.
- Создавање мобилна апликација за психолошка помош и информации за социјални услуги, со брз, дискретен и безбеден пристап.
- Воведување на програма за „Локална социјална инклузија", која ќе обезбеди активности и поддршка за бездомни лица, лица со ниски приходи и маргинализирани групи.
- Организирање јавни кампањи за подигање на свеста за ранливите категории и вклучување на граѓаните во волонтерски активности.

**Дополнително:**

- Програма за социјална солидарност: Обезбедување бесплатни правни и психолошки советувања за граѓаните во социјален ризик, како и проширување на програмата за помош на бездомни лица.



# 4. ОБРАЗОВАНИЕ И СПОРТ

Општина Центар се соочува со предизвици кои бараат современ и сеопфатен пристап кон развојот на заедницата. Нашата изборна програма се фокусира на инвестирање во квалитетно образование, спорт и младински политики, како клучни алатки за создавање здраво, иновативно и инклузивно општество. Програмата има за цел да обезбеди еднакви можности за сите жители и да поттикне младите луѓе да останат, да учествуваат и да се развиваат во Општина Центар. Оваа изборна програма ја нагласува важноста на образованието и спортот како клучен дел од инвестирањето во иднината на Општина Центар. Визијата е да се создаде инклузивна средина за учење и развој, која ги поттикнува младите луѓе да останат и да се развиваат во Општината. Програмата опфаќа конкретни мерки и иницијативи, со цел унапредување на квалитетот на животот за сите жители, а особено за младите и децата.

## 4.1. РЕКОНСТРУКЦИЈА И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВНИ ОБЈЕКТИ

- Ќе се продолжи со реконструкцијата на основните училишта и детските градинки, обезбедувајќи современи и безбедни услови за најмладите жители.
- Сите објекти ќе се адаптираат за енергетска ефикасност и еколошка одржливост, со цел намалување на трошоците и зголемување на комфорот на учениците.
- Во секое основно училиште ќе биде обезбеден покрај специјален едукатор и рехабилитатор и логопед за поддршка на децата со посебни потреби.
- Воведување на бесплатни оброци за сите ученици од 1 до 4 одделение во основните училишта на територијата на Општина Центар, со цел подобрување на исхраната, училишната присутност и училишниот успех.

## 4.2. ЗДРАВИ НАВИКИ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ

- Финансиска поддршка за спортски клубови кои нудат бесплатни активности за деца, со цел промоција на здрав начин на живот.
- Реконструкција и модернизација на сите спортски игралишта на територијата на Општината, како и
- силна поддршка за кошаркарскиот клуб Работнички, кој е симбол на Центар.
- Годишно доделување на 500 субвенции во вредност од по 6.000,00 денари за купување велосипеди, како и организирање бесплатни програми за вежбање, како „Активно лето на отворено“ и „Спортски фестивал“.
- Инвестираме во најважното - здравјето на нашите најмлади. Затоа, овозможуваме бесплатен спорт за сите деца до 5-то одделение. Од фудбал и кошарка, преку ракомет и одбојка, па сè до атлетика и психомоторика – нудиме можност секое дете да се занимава со физичка активност, да изгради здрави навики и да научи тимски дух.

- **Здрава младина преку спорт** не е само слоган, тоа е нашата заложба за посреќно и поактивно детство во Општина Центар.

## 4.3. МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ И ИНКЛУЗИВНИ ИНИЦИЈАТИВИ

- Отворање на Младински центар како културно-социјален простор за дебати, изложби, работилници и стартап активности.
- Воведување на Младински буџет, со одвојување на 1 % од општинскиот буџет за проекти предложени од младите.
- Креирање на Младинска картичка со попусти за јавен превоз, спортски сали и културни настани.
- Воспоставување општински менторски програми, кои ги спојуваат младите со успешни професионалци, со цел поддршка на нивниот личен и професионален развој.
- Субвенции за младите за полагање на возачка дозвола, со цел да се олесни нивниот пристап до пазарот на труд и да се зголеми нивната мобилност.

**Дополнително:**

- Воведување на „Стартап ваучери“ за млади претприемачи, со цел да се поттикне иновацијата и да се отворат нови работни места во општината.



# 5. КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Културата и туризмот се едни од најважните двигатели за побрз развој на Општина Центар. Покрај збогатувањето на културниот живот на граѓаните, културата и туризмот претставуваат и стратегиски ресурси за привлекување посетители и зголемување на инвестиции. Програмата има за цел да создаде спој на традиционалното и современото, динамична и инклузивна културна средина, каде локалните уметници и креативци ќе добијат поддршка за нивните проекти. Со реализирање на нови фестивали, ревитализација на јавните и напуштените простори и промоција на историското наследство, Општина Центар ќе стане вистински центар на културни и туристички активности. Граѓаните ќе имаат лесен пристап до културни содржини, а туристите ќе можат да уживаат во богата понуда, која ги комбинира уметноста, гастрономијата и историјата на Општината. Преку овие активности, програмата настојува да создаде живописна, безбедна и достапна културна сцена, која го поттикнува развојот на локалната економија и го зајакнува заедничкиот идентитет на Центар.

## 5.1. ПОДДРШКА НА ТРАДИЦИЈАТА И КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ

- Продолжување на поддршката за традиционалните настани, како Маџирмаалските и Дебармаалските средби.
- Промоција на локалната џез-сцена и организирање на меѓународен филмски фестивал (CFF – Center Film Festival).
- Месечни и неделни базари за книги, биопроизводи и ракотворби.

## 5.2. ФЕСТИВАЛИ И УРБАНА КУЛТУРА

- Организирање на Фестивалот на Урбана култура – „Скопје УРБАНА", кој ќе ги обедини уметниците, танчарите и дизајнерите на јавни простори, како Градскиот парк и МКЦ.
- Воведување „Месец на улична уметност", со улични перформанси, графити и интерактивни изложби на јавни површини.

## 5.3. РЕВИТАЛИЗАЦИЈА И ПРОМОЦИЈА НА УМЕТНОСТА

- Претворање на напуштени простори во културни хабови, ателјеа и студија.
- Финансиска и логистичка поддршка за независните уметници за јавни настапи и изложби.
- Креирање на „Отворени денови на уметноста", кога граѓаните ќе можат бесплатно да посетуваат студија и ателјеа на локални уметници.

## 5.4. ТУРИСТИЧКА ПОНУДА И ДИГИТАЛНИ РЕШЕНИЈА

- Поставување информативни патокази за културно-историските знаменитости на територијата на Општина Центар.

- Креирање на мобилна апликација „Туристички водич", која ќе вклучува интерактивни мапи, историја, и информации за настани.
- Обновување на туристичката понуда со гастро-туристичка мапа „Taste of Centar", за промоција на локалните ресторани.
- Воведување на „Културни тури со водич" за странски и домашни туристи, кои ќе комбинуваат историја, уметност и гастрономија.

## 5.5. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ЗАЖИВУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПРОСТОРИ

- Организирање на летни отворени концерти и театарски претстави на плоштадот и во парковите, со бесплатен пристап за граѓаните.
- Воведување на „Центарска уметничка резиденција", која ќе ги привлекува уметниците од странство, за соработка со локални креативци.
- Развивање на „Визуелни тури" со QR-кодови поставени на историски објекти, кои ќе овозможуваат интерактивно дигитално искуство за туристите.

**Дополнително:**

- Ревитализација на историските локации: Организирање на тематски тури низ Маџир Маало и Дебар Маало, со цел да се зачува духот на старите градски квартови.

# 6. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

Транспарентноста и отчетноста се темелни принципи на современата локална самоуправа и основа за доверба помеѓу општината и граѓаните. Општина Центар се стреми да биде отворена, достапна и одговорна кон сите свои жители, обезбедувајќи јасна комуникација, брзи и ефикасни услуги, како и можности за активно учество на граѓаните во донесувањето на одлуки. Со оваа програма сакаме да создадеме средина каде секој граѓанин може да го следи работењето на Општината, да предложи идеи, да учествува во процесите и да биде сигурен дека неговиот глас се слуша.

## 6.1. ОТВОРЕНА ОПШТИНА И УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ

- Редовни месечни средби со претставници на населбите и неделни средби со граѓани и новинари.
- Непосредно учество на граѓаните преку иницијативи, референдуми и анкети за важни прашања, како урбанистички планови, реконструкции на улици и буџетски приоритети.
- Воведување на „Граѓански форум“ за секој кварт, каде граѓаните можат да предлагаат проекти и приоритети, кои потоа се разгледуваат и се следат од Советот на Општината.
- Организирање „Ден на отворени врати“ за граѓаните, со можност да посетат општинските одделенија и да се сретнат со службениците лично.

## 6.2. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И ЕФИКАСНОСТ НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА

- „Е-седница на совет“ за целосна дигитализација на процесите на донесување одлуки, без употреба на хартија.
- Електронски услуги за граѓаните за поедноставен пристап до документи, дозволи и решенија.
- „Е-систем за управување со предмети“ за зголемување на ефикасноста, следење на рокови и транспарентност на администрацијата.
- Воведување на мобилна апликација „Моја општина“ за пријавување на проблеми, следење на нивниот статус и добивање известувања за активности на локалната самоуправа.
- Интеграција на дигитални анкети и прашалници за граѓаните за секој проект кој влијае на јавниот простор, со можност за директно следење на резултатите.

## 6.3. ДОСТАПНОСТ И ЈАВНИ ИНФОРМАЦИИ

- Бесплатни интернет точки на јавни места, за сите граѓани.
- Јавно објавување на сите тендери, договори и буџети, во реално време.

- Интерактивни мапи на урбанистички проекти и јавни инфраструктурни инвестиции, со можност за коментари од граѓаните.
- Објавување на годишни извештаи за енергетската ефикасност на јавните објекти, инвестиции во зелените површини и јавниот транспорт.

## 6.4. ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ И КОНТРОЛА

- Формирање на Граѓански антикорупциски совет со претставници од НВО и стручна јавност.
- Платформа „Отворен Буџет", со интерактивни податоци за сите расходи и приходи на Општината.
- Онлајн мапа „Транспарентна градба", со сите издадени градежни дозволи.
- Годишни јавни извештаи со јасни индикатори за напредокот на проекти, буџет и квалитет на услуги.
- Воведување на систем за електронски прашања и предлози од граѓаните до Советот, со јавно објавување на одговорите и рокови за реализација.
- Воведување на „Граѓанска ревизија" – можност за граѓаните и НВО да учествуваат во проверка на реализацијата на проекти и трошење на буџетот.
- Дигитална платформа за надзор на локалните еко-проекти, како зелени површини, паркови и рециклирачки иницијативи, со визуелни извештаи и статус на реализација.
- Воспоставување систем за „Прозрачни јавни набавки" со автоматско известување на граѓаните, за нови тендери и договори.
- Годишни форуми со граѓаните за дискусија на постигнатото и креирање на приоритети за наредната година, со можност за директно гласање за проекти.

**Дополнително:**

- Партиципативно буџетирање: Граѓаните ќе имаат можност директно да гласаат за проекти во нивните населби, а Општината ќе одвои посебен фонд за нивна реализација.
- Безбеден Центар за сите генерации: Зајакнување на патролите околу училиштата и парковите, како и организирање бесплатни курсеви за самоодбрана за жени и млади.
- „Зелен" јавен превоз: Воспоставување на бесплатна мини-автобуска линија која ќе ги поврзува клучните точки во Општината, со фокус на еколошки возила.

Почитувани сограѓани,

Оваа програма е многу повеќе од листа на ветувања. Таа е израз на нашата длабока посветеност кон Центар и кон секој еден од вас. Нашите политики се темелат на јасни принципи: **одговорност, транспарентност и вистинска грижа за луѓето**. Нема да дозволиме Општина Центар да биде заложник на лични интереси и хаотичен развој.

Со оваа програма, ВМРО-ДПМНЕ нуди конкретни и мерливи решенија за најважните проблеми: од сообраќајниот хаос, преку недостигот од зеленило, до запоставеноста на нашите населби. Веруваме во Центар кој е **зелен, безбеден и чист**. Веруваме во Општина која работи **за сите граѓани, без исклучок**. Време е да ги замениме празните зборови со дела. Време е да ја вратиме довербата во локалната власт. Ние имаме план, тим и енергија да го реализираме тоа. Ве повикуваме да ни се придружите во оваа мисија и заедно да го изградиме Центар, каков што сите го заслужуваме.

**Заедно за Центар!**

ВМРО-ДПМНЕ